**Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови КБ ИНВЕСТ АД Скопје**

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР И ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА ПЕРИОДОТ КОЈ ЗАВРШУВА НА 31 ДЕКЕМВРИ 2024 ГОДИНА

**Скопје, февруари 2025**

**СОДРЖИНА** Страна


**Извештај на независниот ревизор** **1-3**

**Финансиски извештаи**

Извештај за сеопфатна добивка 4

Извештај за финансиската состојба 5

Извештај за паричните текови 6

Извештај за промени во главнината 7

Белешки кон финансиските извештаи 7-34


**Додатоци**


Додаток 1- Извештај за сопствени средства

Додаток 2- Годишна сметка

Додаток 3- Годишен Извештај за работење

**МУР СТИВЕНС ДОО**
Св. Кирил и Методиј, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
**Тел.**: +389 (2) 32 14 706
**Е-адреса**: moore@moore.mk
www.moore.mk
www.moore-global.com

## ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР
## ДО
## АКЦИОНЕРИТЕ НА
## Друштвото за управување со отворени и затворени инвестициски фондови
## КБ ИНВЕСТ АД Скопје

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на Друштвото за управување со отворени и затворени инвестициски фондови КБ ИНВЕСТ АД Скопје (Друштвото), кои што го вклучуваат Извештајот за финансиска состојба заклучно со 31 декември 2024 година, како и Извештајот за сеопфатна добивка, Извештајот за промени во главнината и Извештајот за парични текови за годината која завршува тогаш и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

*Одговорност на раководството за финансиските извештаи*

Раководството на Друштвото е одговорно за подготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија, и интерната контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиски извештаи кои се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка.

*Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи, врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија прифатени и објавени во Службен Весник на Република Северна Македонија (79/2010). Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на Друштвото за да обликува ревизорски постапки кои што се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на Друштвото.

Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на менаџментот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Ние веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР (Продолжува)**
**ДО**
**АКЦИОНЕРИТЕ НА**
**Друштвото за управување со отворени и затворени инвестициски фондови**
**КБ ИНВЕСТ АД Скопје**

*Мислење*

Според нашето мислење, финансиските извештаи ја презентираат објективно, од сите материјални аспекти, финансиската состојба на Друштвото за управување со отворени и затворени инвестициски фондови КБ ИНВЕСТ АД Скопје заклучно со 31 декември 2024 година, како и неговата финансиска успешност и неговите парични текови за периодот кој што завршува тогаш во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија.

*Извештај и други правни и реулативни барања*

Менаџментот на Друштвото е исто така одговорен за подготвување на годишниот извештај за работата во согласност со член 384 од Законот за трговски друштва. Наша одговорност во согласност со Законот за ревизија е да известиме дали годишниот извештај за работа е конзистентен со годишната сметка и финансиските извештаи за годината која завршува на 31 декември 2024 година. Нашата работа во однос на годишниот извештај за работа е извршена во согласност со МСР 720 и е ограничена на известување дали историските финансиски информации прикажани во годишниот извештај за работата се конзистентни со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи.
Годишниот извештај за работата е конзистентен, од сите материјално значајни аспекти, со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на КБ ИНВЕСТ АД Скопје за годината која завршува на 31 декември 2024 година.

Менаџментот на Друштвото е исто така одговорен за подготвување на Извештајот за сопствени средства на Друштвото во согласност со Правилникот за сопствените средства на Друштвото за управување со отворени и затворени инвестициски фондови, согласно член 5 став 7 од Законот за инвестициски фондови (Сл. Весник на РМ бр. 12/2009,.....и Сл. Весник на РСМ бр. 150/2021) и член 190 од Законот за хартии од вредност (Сл. Весник на РМ бр. 95/2005,..... и Сл. Весник на РСМ бр. 31/2020). Наша одговорност во согласност со член 18 од Правилникот за сопствените средства на Друштвото за управување со отворени и затворени инвестициски фондови е да известиме дали Извештајот за сопствени средства на Друштвото е подготвен правилно, точно и потполно во согласност со одредбите од Законот и Правилникот за сопствените средства на Друштвото за управување со отворени и затворени инвестициски фондови, како и согласно годишните финансиски извештаи за годината која завршува на 31 декември 2024 година. Нашата работа во однос на извештајот за сопствени средства е извршена во согласност со МСР 720 и е ограничена на известување дали историските финансиски информации прикажани во извештајот за сопствени средства се конзистентни со ревидираните финансиски извештаи.

## ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР (Продолжува)
## ДО
## АКЦИОНЕРИТЕ НА
## Друштвото за управување со отворени и затворени инвестициски фондови
## КБ ИНВЕСТ АД Скопје

Извештајот за сопствени средства е правилно, точно и потполно од сите материјално значајни аспекти, подготвен согласно Законот и Правилникот, како и согласно ревидираните финансиски извештаи на КБ ИНВЕСТ АД Скопје за годината која завршува на 31 декември 2024 година.

Скопје, 25 февруари 2025 година

| **Овластен ревизор** | **Управител и Овластен ревизор** |
|---|---|
| Костадинка Китаноска | Антонио Велјанов |

| | Белешка | 2024 (000) МКД | 2023 (000) МКД |
|---|---|---|---|
| Приходи од надомести | 8 | 102,280 | 72,634 |
| Останати оперативни приходи | | - | 10 |
| Трошоци за вработени | 11 | (17,689) | (15,749) |
| Трошоци за наемнини | 12 | (1,759) | (1,759) |
| Амортизација | 18 | (578) | (883) |
| Останати оперативни расходи | 13 | (23,630) | (13,475) |
| **ОПЕРАТИВНА ДОБИВКА (ЗАГУБА)** | | **58,624** | **40,778** |
| Курсни разлики, нето | | (6) | (12) |
| Приходи од камати | 9 | 3,802 | 2,659 |
| Приходи од хартии од вредност кои се чуваат за тргување | 10 | 6,255 | 3,862 |
| Расходи од хартии од вредност кои се чуваат за тргување | 10 | (258) | (228) |
| **ДОБИВКА (ЗАГУБА) ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | | **68,417** | **47,059** |
| Расход за данок на добивка | 14 | (7,121) | (4,861) |
| **НЕТО ДОБИВКА (ЗАГУБА) ЗА ПЕРИОДОТ** | | **61,296** | **42,198** |
| **Друга сеопфатна добивка:** | | | |
| | | - | - |
| **Вкупно друга сеопфатна добивка** | | **-** | **-** |
| **ВКУПНА СЕОПФАТНА ДОБИВКА (ЗАГУБА) ЗА ПЕРИОДОТ** | | **61,296** | **42,198** |
| **Заработувачка (загуба) по акција (Во МКД)** | 23 | **91,486.57** | **62,982.09** |

| | Белешка | 2024 (000) МКД | 2023 (000) МКД |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| Парични средства | 15 | 19,079 | 1,904 |
| Вложувања во хартии од вредност за тргување | 16 | 67,667 | 40,405 |
| Депозити | 17 | 16,000 | 31,100 |
| Останати побарувања и АВР | 20 | 13,405 | 9,914 |
| Вложувања во хартии од вредност кои се чуваат до доспевање | 16 | 78,530 | 74,727 |
| Нематеријални средства | 18 | 690 | 754 |
| Недвижности и опрема | 19 | 320 | 513 |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | | **195,691** | **159,317** |
| **ОБВРСКИ И ГЛАВНИНА** | | | |
| **Обврски** | | | |
| Обврски спрема добавувачи | 21 | 2,800 | 1,082 |
| Останати краткорочни обврски | 21 | 17,706 | 15,493 |
| **Вкупно обврски** | | **20,506** | **16,575** |
| **Главнина** | | | |
| Акционерски капитал | 22 | 42,895 | 42,895 |
| Законски резерви | | 4,290 | 4,290 |
| Реинвестирана добивка | | 645 | 6,000 |
| Акумулирана добивка (загуба) | | 127,355 | 89,557 |
| **Вкупно главнина** | | **175,185** | **142,742** |
| **ВКУПНО ОБВРСКИ И ГЛАВНИНА** | | **195,691** | **159,317** |

**Скопје, 25 февруари 2025 година**

**Главен Извршен Директор**
**Горан Марковски**

| | 2024 (000) МКД | 2023 (000) МКД |
|---|---|---|
| **Парични текови од оперативни активности** | | |
| **Добивка / (загуба) пред оданочување** | 68,417 | 47,059 |
| **Усогласување за:** | | |
| Амортизација | 578 | 883 |
| (Приходи) од дивиденди | (368) | (53) |
| (Приходи) од камати, нето | 370 | 826 |
| (Приходи) / расходи од тргување, нето | (5,997) | (3,634) |
| **Добивка (загуба) пред промени во обртни средства** | **63,000** | **45,081** |
| Останати побарувања | (3,622) | (1,320) |
| Останати обврски | 8,846 | (12,019) |
| **Нето пари употребени во работењето** | **68,224** | **31,742** |
| Приливи / (одливи) од камата | (370) | (826) |
| Платен/повратен данок од добивка | (8,699) | (4,730) |
| **Нето парични текови од оперативни активности** | **59,155** | **26,186** |
| **Парични текови од вложувачки активности** | | |
| Купување на недвижности, постројки и опрема | (69) | (192) |
| Набавки на права, лиценци и софтвери | (252) | (260) |
| Пласмани во банки, нето | 15,100 | 41,900 |
| Продажба (стекнување) на хартии од вредност, нето | (25,068) | (33,901) |
| **Нето парични текови од вложувачки активности** | **(10,289)** | **7,547** |
| **Парични текови од финансиски активности** | | |
| Исплата на дивиденда | (31,691) | (33,110) |
| Уплатен капитал | - | - |
| **Нето парични текови од финансиски активности** | **(31,691)** | **(33,110)** |
| **Нето зголемување (намалување) на парични средства** | **17,175** | **623** |
| **Парични средства на почетокот на годината** | **1,904** | **1,281** |
| **Парични средства на крајот на годината** | **19,079** | **1,904** |

| | Акционерски капитал | Законски резерви | Реинвести рана добивка | Акумулирана добивка (загуба) | Вкупно главнина |
|---|---|---|---|---|---|
| **Во (000) МКД** | | | | | |
| **Состојба на 1 јануари 2023 година** | **42,895** | **4,290** | **-** | **86,469** | **133,654** |
| **Сеопфатна добивка** | | | | | |
| Добивка / (Загуба) за периодот | - | - | - | 42,198 | **42,198** |
| Друго | - | - | - | - | - |
| **Вкупна сеопфатна добивка** | **-** | **-** | **-** | **42,198** | **42,198** |
| **Трансакции со сопствениците** | | | | | |
| Распределба за резерви | - | - | 6,000 | (6,000) | - |
| Распределба за дивиденда | - | - | - | (33,110) | (33,110) |
| **Состојба на 31декември 2023 година** | **42,895** | **4,290** | **6,000** | **89,557** | **142,742** |
| | | | | | |
| **Во (000) МКД** | | | | | |
| **Состојба на 1 јануари 2024 година** | **42,895** | **4,290** | **6,000** | **89,557** | **142,742** |
| **Сеопфатна добивка** | | | | | |
| Добивка / (Загуба) за периодот | - | - | - | 61,296 | **61,296** |
| Друго | - | - | - | - | - |
| **Вкупна сеопфатна добивка** | **-** | **-** | **-** | **61,296** | **61,296** |
| **Трансакции со сопствениците** | | | | | |
| Распределба за резерви | - | - | (5,355) | 5,355 | - |
| Распределба за дивиденда | - | - | - | (31,691) | (31,691) |
| Враќање на неисплатена дивиденда за акции кои немаат право на дивиденда | - | - | - | 2,838 | 2,838 |
| **Состојба на 31 декември 2024 година** | **42,895** | **4,290** | **645** | **127,355** | **175,185** |

## 1. Основни податоци и дејност

КБ Инвест АД Скопје, Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови, (во понатамошниот текст Друштвото) е регистрирано во Трговскиот регистар на 15 јануари 2009 година под матичен број 6443532 како КБ Публикум Инвест АД Скопје, Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови. На 11.06.2024 е направена промена на називот на друштвото во КБ Инвест АД Скопје, Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови.

Друштвото има добиено одобрение за работа од страна на Комисија за хартии од вредност на Република Северна Македонија на 19.12.2008 година, под број 07-3453/11, во согласност со Законот за инвестициски фондови (Сл.весник на РСМ бр.12/2009, 67/2010 и 24/2011).

Висината на основачкиот капитал на Друштвото изнесува 700.000 ЕУР, односно во денарска противредност од 42.895 илјади денари. Основачи на Друштвото се: Комерцијална банка, која е доминантен сопственик со учество од 78,43%, Publikum Holding DOO Ljubljana – 14,14% и Forlex S.R.L. – 7,43% од акционерскиот капитал на Друштвото.

Седиштето на Друштвото е лоцирано во Скопје на ул. “Св. Кирил и Методиј” бр.50, Скопје, Република Северна Македонија.

Депозитна банка на Друштвото е Комерцијална банка АД Скопје.

Предмет на работење на Друштвото е основање и управување со отворени и затворени инвестициски фондови врз основа на издадено одобрение од Комисијата за хартии од вредност. Друштвото врши работи во свое име, а за сметка на сопствениците на удели во отворените инвестициски фондови, односно во име и за сметка на акционерите во затворените фондови, согласно закон.

Деловните активности на управување со инвестициски фондови кои ги врши Друштвото за управување опфаќаат:

1) управување со имотот на инвестицискиот фонд;
2) рекламирање на инвестициските фондови и продажба на удели во отворените инвестициски фондови, односно акции во затворените инвестициски фондови;
3) административни работи кои се однесуваат на:
    - водење на деловни книги и сметки и изготвување на финансиски извештаи;
    - воспоставување и одржување на односи со вложувачите;
    - утврдување на вредноста на имотот на инвестицискиот фонд и пресметка на цената на уделот;
    - усогласување на работењето на Друштвото за управување со законите и други прописи;
    - објавувања и известувања на акционерите и сопствениците на удели;
    - распределба на добивката на инвестицискиот фонд;
    - издавање и откуп на удели во отворените инвестициски фондови и
    - водење регистар на сопствениците на удели, односно акционерите.

## 1. Основни податоци и дејност (продолжува)

На 31 декември 2024 година Друштвото управува со шест отворени инвестициски фонда:

- Отворен инвестициски фонд КБ Инвест – Балансиран, основан на 22.06.2009,
- Отворен инвестициски фонд КБ Инвест – Обврзници, основан на 25.03.2011,
- Отворен инвестициски фонд КБ Инвест – Паричен, основан на 18.05.2011, и
- Отворен инвестициски фонд КБ Инвест – МБИ 10, основан на 01.04.2017 година,
- Отворен инвестициски фонд КБ Инвест – Златен Фонд, основан на 01.04.2021 година,
- Отворен инвестициски фонд КБ Инвест – Акции, основан на 01.04.2021 година.

Фондовите не се правни лица и не извршуваат посебни активности. Друштвото во согласност со законските норми управува со фондовите.

Имотот на инвестициските фондови е одвоен од имот на Друштвото и за него Друштвото води одвоена евиденција за секој фонд поединечно. Во случај на престанок на Друштвото за управување со инвестициски фондови, со средствата и правата што им припаѓаат на инвестициските фондови располагаат инвеститорите преку депозитарната банка.

На 31 декември 2024 година Друштвото има 9 вработени (31 декември 2023: 9 вработени).

## 2. Преглед на значајни сметководствени политики

### 2.1. Основа за изготвување

Приложените финансиски извештаи се изготвени за период што завршува на 31 декември 2024 година и се прикажани во илјади македонски денари (МКД), која е функционална валута на Друштвото. Годишните финансиски извештаи се подготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ) објавени во Република Северна Македонија во Правилникот за сметководство (Сл.Весник 159/2009) и примениви од 1 јануари 2010 година, вклучувајќи ги Меѓународните сметководствени стандарди (МСС) и Интерпретациите издаден од Одборот за Меѓународни сметководствени стандарди (ОМСС) и Комитетот за толкување на Меѓународните стандарди за финансиско известување (КОМСФИ), последователно.

Почнувајки од 01.01.2025 година, во примена ќе бидат Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ) објавени во Република Северна Македонија во Правилникот за сметководство (Сл.Весник 75/2024). Друштвото изврши проценка на потенцијалното влијание на промените на МСФИ врз финансиската состојба и резултатите од работењето. По извршената промеценка се констатира дека овие промени нема да имаат значајно влијание на финансиските извештаи на Друштвото.

Овие финансиски извештаи се одобрени од Одборот на Директори на Друштвото на 25 февруари 2025 година.

## 2. Преглед на значајни сметководствени политики (продолжува)

### 2.1. Основа за изготвување (продолжува)

Финансиските извештаи се изготвени со примена на методот на набавна вредност и принципот на континуитет во работењето.

При изготвувањето на овие финансиски извештаи, Друштвото се придржуваше кон сметководствените политики опишани во Белешка 2. Сметководствените политики применети во овие годишни финансиски извештаи се конзистентни со политиките применувани за годишните финансиски извештаи за фискалната 2023 година.

Подготвувањето на финансиските извештаи во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија, бара примена на одредени сметководствени проценки. Исто така бара од раководството да примени расудување во процесот на примена на сметководствените политики на Друштвото. Деловите кои вклучуваат повисок степен на расудување и комплексност, или пак делови каде што претпоставките и проценките се значајни за годишните финансиски извештаи што се обелоденети во Белешка 2.3.

### 2.2. Претпоставка за континуитет

Придружните финансиски извештаи се подготвени според претпоставката дека Друштвото ќе продолжи да работи во догледна иднина. Друштвото нема намера, ниту потреба да го ликвидира или материјално да го ограничи опсегот на своето работење. Раководството смета дека не постои материјална несигурност што предизвикува сомнеж кој би го довел во прашање континуитетот во работењето на Друштвото.

### 2.3. Користење на проценки

При подготвувањето на овие финансиски извештаи, Раководството на Друштвото користи бројни проценки и разумни претпоставки кои имаат ефект на презентираните вредности на средствата и обврските, како и обелоденување на потенцијалните побарувања и обврски на датумот на подготовка на финансиските извештаи како и на приходите и расходите во текот на периодот на известување.

Овие проценки и претпоставки се базирани на информациите расположливи на датумот на подготовка на финансиски извештаи и идните фактички резултати би можеле да се разликуваат од овие проценки.

Најзначајната употреба на расудувања и проценки, кои се обелоденети во прегледот на значајни сметководствени политики и соодветните објаснувачки белешки се однесуваат на оштетувањето на финансиските и нефинансиските средства, финансиските обврски и проценката за резервирања за судски спорови.

### 2.4. Споредливи износи

Споредливите износи ги претставуваат финансиските извештаи за периодот кој завршува на 31 декември 2023.

## 2. Преглед на значајни сметководствени политики (продолжува)

### 2.5. Признавање на приходите и трошоците

Приходите се искажани според објективната вредност на побарувањата. Приходот е искажан во моментот на настанување на побарувањата/трансакциите. Расходите се искажуваат врз пресметковна основа. Трошокот настанат при набавки на материјални добра, услуги или за разни други издатоци се признава како расход во моментот на неговото настанување, во висина на ефективниот износ.

*Приходи*
- Приходи од надоместоци (провизии) за управување со инвестициските фондови.

Приходите од управувачки, влезен и излезен надомест од фондовите се искажуваат во моментот на нивното настанување, преку Извештајот за сеопфатна добивка.

- Приходи од камати
Приходите од камати од орочени краткорочни депозити се искажуваат во моментот на нивното настанување преку Извештајот за сеопфатна добивка.

- Приходи од курсни разлики

Приходите од курсни разлики од работењето со поврзани и неповрзани субјекти се искажуваат во моментот на нивното настанување преку Извештајот за сеопфатна добивка.

- Приходи од капитални добивки

Приходите од нереализирани и реализирани капитални добивки од хартиите од вредност во портфолиото на Друштвото се искажуваат во моментот на нивното настанување преку Извештајот за сеопфатна добивка.

- Приходи од дивиденди

Приходите од дивиденди се признаваат кога ќе биде утврдено правото да се прими плаќањето. Дивидендите се прикажани како дел од нето приходите од хартиите од вредност кои се чуваат за тргување или како останати приходи од дејноста во зависност од соодветната класификација на инструментот.

*Трошоци*

- Материјални и останати трошоци

Материјалните и останатите трошоци се признаваат како расход во моментот на нивното настанување во висина на ефективните износи.

- Оперативен закуп

**2. Преглед на значајни сметководствени политики (продолжува)**

**2.5. Признавање на приходите и трошоците (продолжува)**

- Одржување и поправки

Трошоците за одржување и поправки на опрема се признаваат како расход во моментот на нивното настанување преку Извештајот за сеопфатна добивка во висина на ефективниот износ.

- Трошоци на позајмување (камати)

Трошоците на позајмување (камати) се евидентираат како расходи во моментот на нивното настанување, преку Извештајот за сеопфатна добивка.

- Амортизација и депрецијација

Амортизацијата на нематеријалните и депрецијацијата на материјалните средства се пресметува пропорционално, во текот на целиот проценет век.

- Надоместоци на вработените

Во согласност со Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, Друштвото исплатува плата, данок и придонеси за социјално осигурување. Овие обврски се искажуваат како расход во моментот на нивното настанување. На вработените им се исплатуваат сите надоместоци кои им следуваат согласно со Закон и Колективен договор.

- Вредносно усогласување на хартии од вредност

Трошоците од нереализирани и реализирани капитални загуби од хартиите од вредност во портфолиото на Друштвото се искажуваат како расход во моментот на нивното настанување преку Извештајот за сеопфатна добивка.

**2.6. Конвертирање во странска валута и сметководствениот третман на позитивните / негативните курсни разлики и ефектот од примената на девизна клаузула**

Ставките во Извештајот за финансиска состојба и Извештајот за сеопфатна добивка искажани во финансиските извештаи се вреднуваат со користење на валутата од примарното економско окружување (функционална валута). Како што е обелоденето во Белешка 2.1, придружните финансиски извештаи се прикажани во илјади денари (МКД), кои претставуваат функционална и официјална извештајна валута на Друштвото.

Компонентите на средствата и обврските искажани во странска валута се конвертирани во денари според официјалниот девизен курс на денот на составување на Извештајот за финансиска состојба.
Трансакциите во странски валути се конвертирани во денари според официјалниот девизен курс на денот на секоја трансакција.

Позитивните и негативните курсни разлики кои произлегуваат од конвертирањето на средствата, обврските и трансакциите се соодветно искажани како приход / расход во Извештајот за сеопфатна добивка.

## 2. Преглед на значајни сметководствени политики (продолжува)

### 2.7. Пари и парични средства

Парите и паричните средства се состојат од средствата на жиро сметки, благајната и останатите високо ликвидни вложувања со иницијална доспеаност до три месеци, или помалку кои се моментално конвертибилни во познати парични износи и се изложени на незначаен ризик од промена во вредноста.

### 2.8. Финансиски средства

Друштвото ги класифицира финансиските средства во следниве категории: финансиски средства по објективна вредност преку добивки или загуби, кредити и побарувања, финансиски средства расположливи за продажба и финансиски средства кои се чуваат до достасување. Раководството на Друштвото ја одредува класификацијата на финансиските средства при нивното почетно признавање.

*Финансиски средства по објективна вредност преку добивки или загуби*
Оваа категорија на финансиски средства се состои од хартии од вредност кои се чуваат за тргување и хартии од вредност според објективна вредност преку добивки или загуби определени како такви при почетното признавање. Едно финансиско средство се класифицира како средство наменето за тргување доколку се стекнува со цел генерирање на добивка од краткорочни флуктуации во цената или доколку е вклучено во портфолиото за кое постои краткорочен фактички облик на остварување добивка.

*Кредити и побарувања*
Кредитите и побарувањата се не-деривативни финансиски средства со фиксни или одредени плаќања кои не котираат на активен пазар. Тие ги вклучуваат сите побарувања кои произлегуваат од трансакциите со коминтенти и банки и се признаваат при исплатата на готовина.

*Финансиски средства расположливи за продажба*
Финансиски средства расположливи за продажба се не-деривативни средства, кои се класифицирани во оваа категорија или пак не се класифицирани во било која од останатите категории. Финансиски средства расположливи за продажба се оние наменети за чување на неодреден временски период, кои може да се продадат доколку се појави потреба за ликвидност или промени во каматните стапки, девизните курсеви или цените на акциите.

*Финансиски средства кои се чуваат до доспевање*
Финансиските средства кои се чуваат до доспевање се не-деривативни финансиски средства со фиксни или утврдливи плаќања, фиксни датуми на доспевање за наплата и за кои, Раководството на Друштвото има позитивна намера и способност да ги чува до нивното доспевање. Доколку Друштвото продаде значаен износ на финансиските средства кои се чуваат до доспевање пред нивното доспевање, целата категорија на овие средства се рекласифицира во финансиските средства расположливи за продажба.

*Почетно признавање на финансиските средства*
Финансиските средства се признаваат на датумот на порамнување - датум кога Друштвото се обврзува да го купи или продаде средството.

## 2. Преглед на значајни сметководствени политики (продолжува)

### 2.8. Финансиски средства (продолжува)

Сите финансиски средства различни од средствата по објективна вредност преку добивки или загуби почетно се признаваат според објективната вредност зголемена за трошоците на трансакциите. Средствата по објективна вредност преку добивки или загуби почетно се признаваат според нивната објективна вредност, при што трошоците на трансакциите се признаваат во добивки или загуби за периодот.

*Последователно евидентирање на финансиските средства*
Средствата по објективна вредност преку добивки или загуби последователно се евидентирани по нивната објективна вредност врз основа на нивната пазарна цена. Кредитите, побарувањата и вложувањата во државни обврзници се евидентирани по амортизирана набавна вредност со употреба на методот на ефективна камата. Финансиските средства расположливи за продажба се последователно признаени по нивната објективна вредност.

Добивките и загубите од промената на објективната вредност на средствата по објективна вредност преку добивки или загуби се вклучуваат во добивки или загуби во периодот кога се појавуваат. Каматата, ако е остварена за време на располагањето со овие средства, се евидентира како приход од камата.

Добивките и загубите кои се јавуваат од промени во објективната вредност на финансиските средства расположливи за продажба се признаваат во останата сеопфатна добивка, се до моментот на престанок на признавањето или во случај на нивно оштетување, при што акумулираните добивки или загуби, претходно признаени во сеопфатната добивка, се признаваат во тековните добивки или загуби. Каматата пресметана користејќи ја методата на ефективна каматна стапка, како и позитивните и негативните курсни разлики на монетарните средства класифицирани како расположливи за продажба се признаваат во добивки или загуби за периодот. Дивидендите на хартиите од вредност расположливи за продажба се признаваат во добивки или загуби во периодот кога ќе се обезбеди правото за примање на исплатата.

Објективните вредности на котираните вложувања на активни берзи се базираат на тековните цени на котација. Доколку пазарот за некое финансиско средство не е активен (и за некотирани хартии од вредност), Друштвото утврдува објективна вредност по пат на употреба на техники на проценка.

*Депризнавање*
Финансиските средства престануваат да се признаваат по истекот на правата за примање на паричните текови од финансиските средства или по нивното пренесување, а Друштвото ги пренело значително сите ризици и користи од сопственоста.

## 2. Преглед на значајни сметководствени политики (продолжува)

### 2.9. Оштетување на финансиски средства (Продолжува)

*Средства евидентирани по амортизирана набавна вредност*
На секој датум на Извештајот за финансиската состојба, Друштвото проценува дали постои објективен доказ за оштетување на финансиското средство. Финансиското средство или група на финансиски средства се оштетени само доколку постои објективен доказ за оштетување како резултат на еден или повеќе настани што се појавиле по првичното признавање на средствата и дека тој настан или настани влијаат на предвидениот иден готовински тек на финансиското средство или група финансиски средства кои можат веродостојно да се проценат.

Износот на загубата претставува разлика помеѓу евидентираниот износ на средството и сегашната вредност на проценетите идни парични текови (исклучувајќи ги идните загуби по основ на кредитот) дисконтирани со примена на изворната ефективна каматна стапка на финансиското средство. Побарувањата со краткорочно доспевање не се дисконтираат.

Евидентираниот износ на средството се намалува преку употребата на сметка за резервирање поради оштетување, со истовремено признавање на соодветниот расход поради оштетување во тековните добивки или загуби.

*Средства евидентирани по објективна вредност*
На секој датум на Извештајот за финансиската состојба, Друштвото проценува дали постои објективен доказ за оштетување на финансиското средство. Значителното или пролонгирано опаѓање на објективната вредност на финансиското средство под неговата набавна вредност претставува објективен доказ при утврдувањето на можноста од оштетување. Доколку постои таков доказ за финансиските средства расположливи за продажба, кумулативната загуба - измерена како разлика меѓу набавната вредност и тековната објективна вредност се признава во тековните добивки или загуби. Доколку, во последователен период, објективната вредност на должнички инструмент класифициран како расположлив за продажба се зголеми, а зголемувањето може објективно да се поврзе со настан кој се јавува по признавањето на загубата поради оштетување во тековните добивки или загуби, загубата поради оштетување се анулира преку добивки или загуби.

### 2.10. Недвижности, постројки и опрема

Недвижностите и опремата се прикажани по набавни цени намалени за акумулираната амортизација. Со состојба на 31 декември 2024 материјалните средства на Друштвото се состојат од опрема и канцелариски мебел.

Набавната вредност се состои од фактурната вредност зголемена за увозните царини, неповратните даноци, како и сите трошоци кои директно придонесуваат за доведување на средствата во работна состојба за намената за која се набавени. Сите добиени попусти и / или рабати ја намалуваат фактурната вредност на средството. Набавната вредност на постројките и опремата произведени/ изградени во сопствена режија ја претставува набавната вредност на денот на кој е комплетиран процесот на изградбата или развојот.
Недвижностите и опремата се капитализираат како материјални средства доколку нивниот очекуван корисен век надминува една година.

## 2. Преглед на значајни сметководствени политики (продолжува)

### 2.10. Недвижности, постројки и опрема (продолжува)

Капиталните добивки од продажбата на недвижностите и опремата се искажуваат како “Останати приходи” додека сите загуби што настануваат од отуѓувањето на недвижностите и опремата се искажани како “Останати трошоци од работењето”. Капиталните подобрувања, обновувања и поправки кои го продолжуваат животниот век на средството се капитализираат. Поправките и одржувањата се прикажуваат како трошок во моментот на нивно настанување и влегуваат во оперативните трошоци.

Корисниот век се проценува најмалку на крајот на секоја финансиска година, и доколку има значајна промена во очекуваното движење на потрошувачката на идните економски користи од средствата, стапката на амортизација е сменета како резултат на променетото движење.

### 2.11. Нематеријални средства

Нематеријалните средства се прикажуваат според нивната набавна вредност намалена за акумулираната амортизација. Со состојба на 31 декември 2024 нематеријалните средства на Друштвото се состојат од компјутерски софтвер, права и лиценци.

Трошоците поврзани со одржувањето на средствата се признаваат како трошоци во моментот на нивно настанување.

Последователните набавки се вклучени во евидентираната вредност на средството или се признаваат како посебно средство, соодветно, само кога постои веројатност од прилив на идни економски користи за Друштвото поврзани со ставката и кога набавната вредност на ставката може разумно да се измери.

### 2.12. Амортизација

Амортизацијата на недвижностите и опремата и нематеријалните средства се пресметува правопропорционално за да набавната вредност на средствата целосно се отпише во нивниот проценет корисен век. Амортизацијата на недвижностите и опремата и нематеријалните средства се врши според стапки засновани на проценетиот корисен век на средствата од страна на Раководството на Друштвото. Компетентните оддели во Друштвото периодично го проценуваат корисниот век на недвижностите и опремата. Пропишаните годишни стапки на амортизација што се користат за одделните групи на недвижности и опрема и нематеријални средства се како што следува:

| | |
|---|---|
| Канцелариски мебел | 20% |
| Вложувања во туѓи средства | 10% |
| Компјутерска и останата опрема | 20% - 50% |
| Транспортни средства | 20% - 25% |

Амортизацијата на недвижности и опрема и нематеријални средства започнува да се пресметува со ставање на средствата во употреба.

## 2. Преглед на значајни сметководствени политики (продолжува)

### 2.13. Оштетување на нефинансиските средства

Во согласност со прифатените сметководствени политики, на крајот од секоја година Раководството на Друштвото ја проценува сметководствената вредност на нематеријалните средства на Друштвото како и на недвижностите и опремата. Доколку постои индикација дека овие средства се оштетени, се пресметува надоместливата вредност на средствата за да се утврди обемот на загубата од оштетување.

Доколку надоместливата вредност на средството е проценета како пониска од неговата сегашна вредност, сегашната вредност се намалува до износот на надоместливата вредност, која ја претставува повисоката од нето продажната вредност на средството и неговата употребна вредност. Загубите од оштетување, кои ја претставуваат разликата помеѓу сегашната вредност и надоместливата вредност на материјалните и нематеријалните средства, се прикажуваат во Извештајот за сеопфатна добивка согласно МСС 36 “Оштетувања на средствата”.

Оштетените нефинансиски средства се оценуваат на секој датум на известување за да се утврдат можните надоместувања на оштетувањето.

### 2.14. Наеми / Лизинг

(а) Оперативен наем

Наемот каде што Друштвото не ги пренесува сите ризици и приноси кои се поврзани со сопственоста врз средството врз корисникот на лизингот се класифицира како оперативен наем.

Приходите поврзани со оперативниот наем се признаваат во периодот за кој се однесуваат.

Оперативниот наем се однесува на изнајмување на деловни простории, магацини и други трошоци за закупнина. Гореспоменатите трошоци се искажани во Извештајот за сеопфатна добивка во моментот кога таквите трошоци настануваат, во согласност со важечките договори за оперативен наем.

(б) Финансиски наем

Наемот се класифицира како финансиски кога со условите на закупот се пренесуваат сите значајни ризици и награди од сопственоста на наемопримателот. Сите други договори за закуп се класифицирани како оперативни наеми.

**2. Преглед на значајни сметководствени политики (продолжува)**

**2.14. Наеми / Лизинг (продолжува)**

*Друштвото како наемопримател*
Средства кои се чуваат под финансиски наеми се признаваат како средства на Друштвото по нивната објективна вредност на почетокот на лизингот или ако пониска, според сегашната вредност на минималните плаќања за наемот. Соодветната обврска е вклучена во извештајот за финансиска состојба како обврска за финансиски лизинг. Плаќањата за наемот се распределуваат меѓу финансиските трошоци и намалувањето на обврската за лизинг со цел да се постигне постојана каматната стапка на останатата обврска. Финансиските трошоци се на товар на добивката или загубата, освен ако тие не се директно поврзани со квалификуваните средства, во кој случај тие се капитализирани во согласност со општата политика на компанијата на трошоците за позајмување.

Плаќањата за наемот се анализираат меѓу капитални и каматни компоненти, така што каматниот елемент на исплатата е на товар на профитот или загубата во текот на периодот на наемот и претставува постојан дел од останатото салдо после капиталните исплати. Капиталниот дел го намалува износот кој се должи на закуподавателот.

**2.15. Обврски кон добавувачи и други обврски**

Обврските спрема добавувачите и другите обврски се прикажуваат според нивната номинална вредност.

Оперативните обврски кон добавувачи се мерат според вредноста на примените средства и услуги. Останатите обврски се искажуваат во вредност наведена во соодветната сметководствена исправа.

**2.16. Капитал**

*Обични акции*
Основната главнина се признава во висина на номиналната вредност на издадени и уплатени акции. Обичните акции се класифицирани како капитал.

*Трошоци за издавање на акции*
Трошоци директно поврзани со издавање на обични акции и опции на акции се признаваат како намалување од капиталот.

## 2. Преглед на значајни сметководствени политики (продолжува)

### 2.17. Надоместоци на вработени

(а) Даноци и придонеси на вработените за социјално осигурување

Во согласност со законските прописи во Република Северна Македонија, Друштвото е обврзано да плаќа придонеси на повеќе државни фондови за социјално осигурување. Овие обврски опфаќаат плаќања на надоместоци во име на вработените од страна на работодавачот во износи пресметани со примена на специфични, пропишани со закон стапки. Друштвото исто така е законски обврзано да задржува придонеси од бруто платите на вработените и во име на вработените да ги уплатува задржаните износи во соодветните државни фондови. Друштвото нема законска обврска за плаќање на дополнителни придонеси на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Северна Македонија при пензионирањето. Овие обврски се искажуваат како трошок во моментот на нивно настанување.

Друштвото нема извршено резервирање за пресметан посебен минимален износ за пензионирање на вработените, бидејќи овој износ не е од материјално значење за финансиските извештаи.

Друштвото не оперира со пензиски планови или планови за надоместоци при пензионирање, така што нема дополнителни обврски за пензии. Друштвото не е обврзано да обезбеди дополнителни надоместоци за тековните или претходните вработени.

### 2.18. Данок на добивка

*Тековен данок на добивка*

Тековниот данок на добивка го претставува износот кој е пресметан и платен во согласност со Законот за данок на добивка кој е на сила во Република Северна Македонија. Данокот на добивка се плаќа по стапка од 10% применета на даночната основа прикажана во годишната даночна пријава по намалувањето за одредени даночни олеснувања. Даночната основа прикажана во даночната пријава претставува добивката за годината зголемена за даночно непризнатите трошоци и помалку искажани приходи согласно одредбите во Законот за данок на добивка, намалена за даночните ослободувања.

*Одложени даноци*

Одложени даноци се признаваат кога се јавува разлика помеѓу сметководствената вредност на средствата и обврските во финансиските извештаи и нивната сметководствена вредност според даночната регулатива и се прикажани со користење на метода на обврски за сите времени разлики. Одложените даночни обврски се признаваат за сите одбитни времени разлики земајќи во предвид дека веројатноста оданочивата добивка ќе биде искористена наспроти одбитните времени разлики. Во финансиските извештаи, нема времени оданочиви разлики.

## 2. Преглед на значајни сметководствени политики (продолжува)

### 2.19. Резервирања и неизвесни обврски

Резервирање се признава кога Друштвото има тековна обврска како резултат на настан од минатото и постои веројатност дека ќе биде потребен одлив на средства кои вклучуваат економски користи за подмирување на обврската, а воедно ќе биде направена веродостојна проценка на износот на обврската. Резервирањата се проверуваат на секој датум на Извештајот за финансиската состојба и се корегираат со цел да се рефлектира најдобрата тековна проценка. Кога ефектот на времената вредност на парите е материјален, износот на резервирањето претставува сегашна вредност на трошоците кои се очекува да се појават за подмирување на обврската. Резервирање не се признава за идни оперативни загуби.

Неизвесни обврски не се евидентирани во финансиските извештаи. Тие се обелоденуваат доколку постои веројатност за одлив на средства кои вклучуваат економски користи. Исто така, неизвесни средства не се евидентирани во финансиските извештаи, но се објавуваат  кога постои веројатност за прилив на економски користи.

Износот на неизвесна загуба се евидентира како резервирање доколку е веројатно дека идните настани ќе потврдат постоење на обврска на датумот на Извештајот за финансиска состојба и кога може да се направи разумна проценка на износот на загубата.

### 2.20. Обелоденувања за поврзани страни

За целите на овие финансиски извештаи поврзани субјекти се оние кај кои едно правно лице има можност за контрола врз друго правно лице или има право да управува со финансиските и деловните операции на лицето, како што е утврдено со МСС 24 “Обелоденувања за поврзани субјекти”.

Односите помеѓу Друштвото и неговите поврзани субјекти се утврдени на договорна основа и се спроведуваат според пазарни услови. Салдата на побарувањата и обврските на денот на Извештајот за финансиска состојба како и трансакциите со поврзаните субјекти настанати во извештајните периоди одделно се прикажани во белешките кон финансиските извештаи (Белешка 27).

## 3. Финансиски ризици и управување со истите

Друштвото влегува во различни трансакции кои произлегуваат од неговото секојдневно работење, а кои се однесуваат на купувачите, добавувачите и кредиторите. Главните ризици на кои Друштвото е изложено и политиките за управување со нив се следните:

### 3.1. Пазарен ризик

*Изложеност на пазарни ризици - портфолио за тргување*
Друштвото во управувањето со портфолиото за тргување се потпира на принципот на диверзификација на хартиите од вредност по видови на имот (сопственички и должнички хартии од вредност), сектори, дејности, валути и рочност. Вложувањето на средствата се врши во различни хартии од вредност кои имаат за цел да ја максимизираат добивката за дадено ниво на ризик. Во делот на должничките хартии од вредност Друштвото настојува да го намали ризикот од промена на каматните стапки преку намалување на времетраењето (рокот на доспевање) на должничките хартии од вредност. Времетраењето претставува чувствителност на цените на должничките хартии од вредност во однос на промените на каматните стапки. Колку што е помало времетраењето, толку е помала чувствителноста на пазарните цени на хартиите од вредност на промените во каматните стапки.

Со состојба на 31 декември 2024 година Друштвото има: вложување во акции издадени од Гранит АД Скопје, вложувања во државни обврзници наменети за тргување и вложувања во удели во паричен инвестициски фонд, како најконзервативен облик на вложување во инвестициски фондови. Во наредниот период со зголемување на расположливите средства кои би се генерирале од добивките од редовно работење, вложувањето на средствата ќе се врши во различни хартии од вредност кои имаат за цел да ја максимизираат добивката за дадено ниво на ризик.
Со состојба на 31 декември 2024 година, Друштвото располага и со вложувања во државни еврообврзници, при што намерата на раководството е истите да ги чува до нивното доспевање во 2026 и 2028 година.

***Ризик од промени на курсевите***
Друштвото е вклучено во трансакции во странска валута со кои истото се изложува на секојдневни промени на курсевите на странските валути. Друштвото нема посебна политика за управување со овој ризик со оглед дека во Република Северна Македонија не постојат посебни финансиски инструменти за избегнување на овој вид на ризик. Друштвото е изложено на можните флуктуации на странските валути, кое сепак е ограничено поради фактот што најголем број трансакции се во евра, чиј валутен курс се смета за релативно стабилен.

***Ризик од промени на цените***
Ризикот од цената на капиталот е веројатноста дека цената на капиталот ќе флуктуира и ќе влијае на фер вредноста на вложувањата во акции и останатите инструменти чија вредност произлегува од конкретни вложувања во акции или од индексот на цените на капиталот. Друштвото е изложено на ризик од промена на цените на вложувањата во хартии од вредност и истиот е надвор од контрола на Друштвото и како мерка за управување на овој ризик е диверзификација на хартиите од вредност по видови на имот.

## 3. Финансиски ризици и управување со истите (продолжува)

### 3.2. Кредитен ризик

Друштвото е изложено на кредитен ризик во случај кога неговите купувачи нема да бидат во состојба да ги исполнат своите обврски за плаќање, како и од пари и парични средства, депозити во банки и финансиски институции. Друштвото нема изложеност на кредитен ризик за побарувањата од Фондовите со кои тоа управува. На денот на известување, 31 декември 2024 година, концентрацијата на кредитниот ризик е претставена преку депозити во Комерцијална банка АД Скопје, во вкупен износ од 16,000 илјади денари со рок на доспевање до две години (31 декември 2023: 31,100 илјади денари со рок на доспевање до две години).

Друштвото има средства за тргување што со состојба на 31 декември 2024 година се состојат од сопственички хартии од вредност - акции во домашни трговски друштва кои котираат на берза, државни обврзници и удели издадени од домашни отворени инвестициски фондови, како и средства кои се чуваат до доспевање кои се состојат од вложувања во државни еврообврзници, издадени од домашни и странски издавачи.

### 3.3. Каматен ризик

Друштвото се изложува на ризик од промени на каматни стапки во случај кога користи кредити и позајмици договорени по варијабилни каматни стапки или кога има пласирано средства кај други друштва или банки договорени по варијабилни каматни стапки. Со оглед дека Друштвото има вакви финансиски инструменти договорени по варијабилни каматни стапки, постои изложеност спрема ваков вид на ризик (2023: исто).

### 3.4. Ликвидносен ризик

Ликвидносен ризик или ризик од неликвидност постои кога Друштвото нема да биде во состојба со своите парични средства редовно да ги плаќа обврските спрема своите доверители. Друштвото ги менаџира своите средства и обврски на таков начин што може да ги исполни сите свои доспеани обврски во секое време.

### 3.5. Управување со капиталот

При управување на сопствениот капитал, Друштвото се придржува кон следните цели:

- Придржување кон условите во врска со капиталот поставени од страна на регулаторот,
- Заштита на способноста на Друштвото да продолжи со своето деловно работење во континуитет, и
- Одржување на цврста капитална база за поддршка на развојот на своите деловни активности.

## 3. Финансиски ризици и управување со истите (продолжува)

### 3.5. Управување со капиталот

*Усогласеност со законска регулатива*

1) Согласно член 5, ставови 1 и 2 од Законот за инвестициски фондови, најмалиот номинален износ на почетниот капитал потребен за основање на Друштво за управување со фондови изнесува денарска противвредност на ЕУР 125.000 на денот на основањето. Во случај кога вредноста на имотот на инвестицискиот фонд (односно фондовите со кои управува Друштвото за управување) го надмине износот од ЕУР 250.000.000, Друштвото за управување е должно да обезбеди дополнителен капитал еднаков на 0,02% од износот за кој вредноста на имотот на инвестицискиот фонд го надминува утврдениот граничен износ, но најмногу до ЕУР 10.000.000.

Со состојба на 31 декември 2024 година Друштвото е усогласено со горенаведениот член од домашната законска регулатива.

2) Согласно член 5, став 3 од Законот за инвестициски фондови, како и согласно Правилникот за сопствени средства на Друштвото за управување со отворени и затворени инвестициски фондови, висината на сопствените средства на Друштвото за управување мора во секој момент да бидат еднакви или поголеми од повисокиот износ од износот на почетниот капитал од ставот (1) на член 5 од Законот за инвестициски фондови, односно вкупниот износ на почетниот капитал и дополнителниот износ на капиталот од ставот (2) на овој член или една четвртина од општите фиксни трошоци наведени во билансот на успех за претходната година

Со состојба на 31 декември 2024 година Друштвото е усогласено со горенаведениот член од домашната законска регулатива.

### 3.6. Оперативен ризик

Оперативен ризик е ризикот од директна или индиректна загуба која произлегува од голем број различни причини поврзани со процесите на Друштвото, вработените, технологијата и инфраструктурата и од надворешни фактори различни од кредитни, пазарни ризици и ризици на ликвидност, како што се оние кои произлегуваат од барањата на законската регулатива и општо прифатените стандарди за корпоративно однесување. Оперативните ризици произлегуваат од сите операции на Друштвото.
Примарната одговорност за развој и имплементација на контроли кои се однесуваат на оперативниот ризик е на Раководство на Друштвото. Оваа одговорност е поддржана со развојот на стандарди на Друштвото за управување со оперативен ризик во следниве области:

- барања за соодветна поделба на задачи, вклучувајќи и независна авторизација на трансакциите;
- барања за порамнување и мониторинг на трансакциите;
- усогласување со регулативата и други законски барања;
- документирани контроли и процедури;
- обука и професионално усовршување;
- етички и деловни стандарди;
- процедури за спречување на конфликт на интереси помеѓу Друштвото, фондовите со кои управува и вработените;
- намалување на ризикот, вклучувајќи осигурување онаму каде ова е ефективно.

## 4. Утврдување на објективна вредност

Друштвото располага со финансиски средства и обврски кои вклучуваат побарувања од купувачи, вложувањата во хартии од вредност и обврски кон добавувачи, како и нефинансиски средства за кои голем број на сметководствени политики и обелоденувања бараат утврдување на нивната објективна вредност.

Друштвото ги групира финансиските средства и обврски во три нивоа врз основа на значајноста на влезните податоци користени при мерењето на објективната вредност на финансиските средства. Хиерархијата според објективната вредност е одредена како што следи:

*Ниво 1:* котирани цени (некорегирани) на активните пазари за идентични средства или обврски;

*Ниво 2:* останати влезни податоци, покрај котираните цени, вклучени во Ниво 1 кои се достапни за набљудување за средството или обврската, или директно (т.е. како цени) или индиректно (т.е. изведени од цени); и

*Ниво 3:* влезни податоци за средството или обврската кои не се базираат на податоци достапни за набљудување од пазарот.

Со состојба на 31 декември 2024 година финансиските средства во ниво 1 се состојат од сопственички хартии од вредност кои се котирани на Македонската Берза во износ од 1,860 илјади денари (31 декември 2023: 4,801 илјади денари), а финансиските средства во ниво 2 се состојат од удели издадени од домашен отворен инвестициски паричен фонд во износ од 29,540 илјади денари (31 декември 2023: 4,607 илјади денари) и вложувања во обврзници наменети за тргување во износ од 36,267 илјади МКД (2023: 30,997). Евидентирани се по нивната објективна вредност врз основа на нивната пазарна цена на датумот на Извештајот за финансиската состојба.

## 5. Финансиски инструменти

### 5.1. Ризик на финансирање

Друштвото врши финансирање на своето работење со сопствени средства. Друштвото континуирано ја следи својата задолженост преку соодветна анализа.

Со состојба на 31.12.2024 година Друштвото нема долгови по основ на заеми (31 декември 2023: нема).

### 5.2. Ризик од девизни валути

Друштвото влегува во трансакции во странска валута, кои произлегуваат од продажби и набавки на странски пазари, при што истото се изложува на секојдневни промени на курсевите на странските валути.
Официјалните девизни курсеви користени за конверзија на ставките од Билансот на состојба искажани во странска валута во денари на 31 декември 2024 како и 31 декември 2023 се дадени во следниот преглед:

| | 31 декември 2024 | 31 декември 2023 |
|---|---|---|
| 1 ЕУР = | 61,4950 МКД | 61,4950 МКД |

**5. Финансиски инструменти (продолжува)**

**5.2. Ризик од девизни валути (продолжува)**

Состојбата со девизните износи на средствата и обврските деноминирани до денари на 31 декември 2024 и 2023 година по валути е следната:

| | **Средства** | | **Обврски** | |
|---|---|---|---|---|
| | **2024** | **2023** | **2024** | **2023** |
| EUR | 85,986 | 82,141 | 61 | 61 |
| GBP | - | - | - | - |
| USD | - | - | - | - |
| | **85,986** | **82,141** | **61** | **61** |

Друштвото претежно е изложено на ЕУР.

Следната табела ја покажува сензитивната анализа на зголемување или намалување за 10% на македонскиот денар во однос на странските валути. Анализата е направена на девизните салда на средствата и обврските на датумот на билансот на состојба. Позитивните износи се зголемувања на добивката, а негативните се намалувања на добивката за соодветниот период.

| | **Зголемувања за 10%** | | **Намалувања за 10%** | |
|---|---|---|---|---|
| | **2024** | **2023** | **2024** | **2023** |
| EUR | 8,593 | 8,208 | (8,593) | (8,208) |
| GBP | - | - | - | - |
| USD | - | - | - | - |
| **Нето ефект** | **8,593** | **8,208** | **(8,593)** | **(8,208)** |

## 5. Финансиски исктрументи (продолжува)

### 5.3. Ризик од промени на каматите

Друштвото се изложува на ризик од промени на каматни стапки во случај кога користи кредити и позајмици договорени по варијабилни каматни стапки или кога има пласирано средства кај други друштва или банки договорени по варијабилни каматни стапки.

Сметководствената вредност на финансиските средства и обврски во МКД според изложеноста на каматниот ризик на крајот од годините е како што следува:

| | 31 декември 2024 | 31 декември 2023 |
|---|---|---|
| **Финансиски средства** | | |
| *Некаматоносни* | | |
| - Парични средства | 19,079 | 1,904 |
| - Вложувања | 31,400 | 9,408 |
| - Побарувања од купувачи | 10,638 | 6,859 |
| - Останати побарувања | 1,802 | 1,792 |
| | **62,919** | **19,963** |
| *Каматоносни со фиксна камата* | | |
| - Државни обврзници | 114,797 | 105,724 |
| | **114,797** | **105,724** |
| *Каматоносни со променлива камата* | | |
| - Депозити | 16,000 | 31,100 |
| | **16,000** | **31,100** |
| | **193,716** | **156,787** |
| **Финансиски обврски** | | |
| *Некаматоносни* | | |
| - Обврски кон добавувачи | 2,800 | 1,082 |
| - Останати обврски | 14,892 | 14,838 |
| | **17,692** | **15,920** |

## 5. Финансиски инструменти (продолжува)

### 5.4. Ризик од ликвидност

Следната табела ја дава рочноста на финансиските средства и обврски во МКД на Друштвото со состојба на 31 декември 2024 година според нивната доспеаност:

| | **До 1 месец** | **1 - 3 месеци** | **3-12 месеци** | **Над 12 месеци** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|
| Парични средства | 19,079 | - | - | - | **19,079** |
| Побарувања од фондови и останати | 12,440 | - | - | - | **12,440** |
| Вложувања | 67,667 | - | | 78,530 | **146,197** |
| Депозити | - | - | - | 16,000 | **16,000** |
| | **66,060** | **-** | **-** | **94,530** | **193,716** |
| Обврски кон добавувачи | 2,800 | - | - | - | **2,800** |
| Останати обврски | 14,892 | - | - | - | **14,892** |
| | **17,692** | **-** | **-** | **-** | **17,692** |

Следната табела ја дава рочноста на финансиските средства и обврски на Друштвото со состојба на 31 декември 2023 година според нивната доспеаност:

| | **До 1 месец** | **1 - 3 месеци** | **3-12 месеци** | **Над 12 месеци** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|
| Парични средства | 1,904 | - | - | - | **1,904** |
| Побарувања од фондови и останати | 8,651 | - | - | - | **8,651** |
| Вложувања | 40,405 | - | | 74,727 | **115,132** |
| Депозити | 15,100 | 16,000 | - | - | **31,100** |
| | **66,060** | **16,000** | **-** | **74,727** | **156,787** |
| Обврски кон добавувачи | 1,082 | - | - | - | **1,082** |
| Останати обврски | 14,838 | - | - | - | **14,838** |
| | **15,920** | **-** | **-** | **-** | **15,920** |

## 6. Сегментно известување

Со оглед на својата големина и активности, Друштвото во текот на своето работење не е организирано во посебни сегменти, ниту како деловни (бизнис) сегменти, ниту како географски сегменти. Поради ова, не се врши сегментно презентирање на работењето на Друштвото.

## 8. ПРИХОДИ ОД НАДОМЕСТИ

| | 2024<br>(000) МКД | 2023<br>(000) МКД |
|---|---|---|
| Приходи од управувачка провизија | 91,206 | 68,365 |
| Приходи од влезна провизија | 9,259 | 3,457 |
| Приходи од излезна провизија | 1,815 | 812 |
| **Вкупно** | **102,280** | **72,634** |

## 9. ПРИХОДИ ОД КАМАТИ

| | 2024<br>(000) МКД | 2023<br>(000) МКД |
|---|---|---|
| Приходи од камати | 3,802 | 2,659 |
| **Вкупно** | **3,802** | **2,659** |

## 10. ПРИХОДИ / (РАСХОДИ) ОД ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

| | 2024<br>(000) МКД | 2023<br>(000) МКД |
|---|---|---|
| Нереализирани добивки | 1,212 | 188 |
| Реализирани капитални добивки | 659 | 315 |
| Приходи од дивиденди | 368 | 53 |
| Вредносно усогласување на обврзници | 4,016 | 3,306 |
| | **6,255** | **3,862** |
| Нереализирани загуби | (258) | (228) |
| Реализирани загуби | - | - |
| | **(258)** | **(228)** |
| **Вкупно** | **5,997** | **3,634** |

## 11. ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИ

| | 2024<br>(000) МКД | 2023<br>(000) МКД |
|---|---|---|
| Бруто плати на вработени | 16,593 | 14,596 |
| Трошоци за службени патувања во земјата | 55 | 48 |
| Трошоци за стручно образование | 233 | 59 |
| Регрес за годишен одмор и други надомести на вработените | 808 | 1,046 |
| **Вкупно** | **17,689** | **15,749** |

## 12. ТРОШОЦИ ЗА НАЕМНИНИ

Трошоците за наемнина во износ од 1,759 илјади МКД потекнуваат од користен деловен простор под оперативен наем во текот на периодот за извршување на активностите на Друштвото. Договорот за кирија (наем) е склучен на неопределено време, со мозжност за еднострано раскинување на договорот со исзвестување во рок од 3 месеци, а износот на месечна кирија врз основа на Анекс бр. 4 од 01.08.2022 година, месечната кирија изнесува 2,372 ЕУР.

## 13. ОСТАНАТИ ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ

| | 2024 (000) МКД | 2023 (000) МКД |
|---|---|---|
| Провизии за агенти | 14,162 | 6,150 |
| Трошоци за годишни претплати за веб страници и списа | 1,826 | 1,410 |
| Телекомуникациски трошоци | 463 | 333 |
| Премии за осигурување | 1,691 | 926 |
| Трошоци за реклама, спонзорство и репрезентација | 1,285 | 758 |
| Трошоци за донации | 888 | 47 |
| Трошоци за одржување | 1,009 | 929 |
| Надоместоци на ОД | 442 | 400 |
| Трошоци за внатрешна и надворешна ревизија | 265 | 161 |
| Останати расходи | 1,599 | 2,361 |
| **Вкупно** | **23,630** | **13,475** |

## 14. ДАНОК ОД ДОБИВКА

| | 2024 (000) МКД | 2023 (000) МКД |
|---|---|---|
| **Добивка пред оданочување** | **68,417** | **47,059** |
| **Непризнаени расходи:** | | |
| Непризнаени расходи | 3,438 | 1,997 |
| **Даночна основа** | **71,855** | **49,056** |
| **Намалување на даночната основа** | (645) | (446) |
| **Даночна основа** | **71,210** | **48,610** |
| **Пресметан данок од добивка од 10% (2021: 10%)** | **7,121** | **4,861** |
| Други ослободувања | - | - |
| **Данок од добивка** | **7,121** | **4,861** |
| **Добивка пред оданочување** | **68,417** | **47,059** |
| **Ефективна даночна стапка** | **10.41%** | **10.33%** |

## 15. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА

| | 2024 (000) МКД | 2023 (000) МКД |
|---|---|---|
| Денарски сметки во банки | 19,034 | 1,902 |
| Благајна | 5 | 1 |
| Девизни сметки во банки | 40 | 1 |
| **Вкупно** | **19,079** | **1,904** |

## 16. ВЛОЖУВАЊА ВО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

| | 2024 (000) МКД | 2023 (000) МКД |
|---|---|---|
| Акции | 1,860 | 4,801 |
| Обврзници | 36,267 | 30,997 |
| Удели во отворени инвестициски фондови | 29,540 | 4,607 |
| **Вложувања во хартии од вредност за тргување** | **67,667** | **40,405** |
| | | |
| Вложувања во државни еврообврзници | 78,530 | 74,727 |
| **Вложувања во хартии од вредност кои се чуваат до доспевање** | **78,530** | **74,727** |

Вложувањата во хартии од вредност се состојат од стекнати 1,000 обични акции издадени од Гранит АД Скопје со вкупна објективна вредност во износ од 1,860 илјади МКД (2023: 4,801 илјади МКД).

## 16. ВЛОЖУВАЊА ВО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ (продолжува)

Вложувањата во удели наменети за тргување се состојат од стекнати 223,745.9723 удели во ОИФ НЛБ Кеш Депозит со вкупна објективна вредност од 29,541 илјади МКД (2023:4,607 илјади МКД).

Вложувањата во обврзници кои се наменети за тргување во вкупен износ од 36,267 илјади МКД (2023: 30,997) се однесуваат на вложувања во 2,500 државни обврзници со номинална вредност од 10,000 МКД, со рок на достасување најдоцна до декември 2038 година и каматна стапка од 6.15% годишно, 600 обврзници со девизна клаузула со номинална вредност од 10,000 МКД, со рок на достасување најдоцна до декември 2038 година и каматна стапка од 5.9% годишно и 532 граѓански обврзници со номинална вредност од 10,000 МКД со каматна стапка од 5% и рок на достасување 14.11.2025.

Вложувањата кои се чуваат до доспевање во вкупен износ од 78,530 илјади МКД (2023: 74,727 илјади МКД) се однесуваат на вложувања во државна еврообврзница Macedo 1 5/8 издадена од Република Северна Македонија, која има рок на достасување до 10.03.2028 година и каматна стапка од 1.625% годишно и вложувања во државна еврообврзница Turkey 5.2%, издадена од Република Турција која има рок на достасување до 16.02.2026 година и каматна стапка од 5.2% годишно.

## 17. ДЕПОЗИТИ

| | 2024 (000) МКД | 2023 (000) МКД |
|---|---|---|
| Комерцијална Банка АД Скопје | 16,000 | 31,100 |
| **Вкупно** | **16,000** | **31,100** |

Депозитите во вкупен износ од 16,000 илјади МКД (2023: 31,100 илјади МКД) се орочени во Комерцијална Банка АД Скопје, со рок на достасување до две години, најдоцна до март 2026 и носат камата од 2.24% годишно (2023: 1.8% до 2.24% годишно).

## 18. НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА

| | 2024 (000) МКД | 2023 (000) МКД |
|---|---|---|
| **Набавна вредност** | | |
| **Состојба на 1 јануари** | **4,930** | **4,670** |
| Набавки | 252 | 260 |
| **Состојба со 31 декември** | **5,182** | **4,930** |
| | | |
| **Акумулирана амортизација** | | |
| **Состојба на 1 јануари** | **4,176** | **3,902** |
| Амортизација | 316 | 274 |
| **Состојба со 31 декември** | **4,492** | **4,176** |
| | | |
| **Сегашна вредност на 31 декември** | **690** | **754** |

Нематеријалните средства во целост се состојат од купен софтвер, лиценци и права за вршење на активностите на Друштвото и инвестициските фондови.

## 19. НЕДВИЖНОСТИ И ОПРЕМА

| | Опрема | Возила | Вложувања во туѓи објекти | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Набавна вредност** | | | | |
| **Состојба на 1 јануари** | **3,276** | **1,989** | **1,199** | **6,464** |
| Набавки | 70 | - | - | **70** |
| Намалувања | - | - | (1) | **(1)** |
| **Состојба со 31 декември** | **3,346** | **1,989** | **1,198** | **6,533** |
| **Акумулирана амортизација** | | | | |
| **Состојба на 1 јануари** | **2,911** | **1,929** | **1,111** | **5,951** |
| Амортизација | 191 | 60 | 11 | **262** |
| Исправки и отуѓувања | - | - | - | **-** |
| **Акумулирана амортизација на 31 декември** | **3,102** | **1,989** | **1,122** | **6,213** |
| **Сегашна вредност на 31 декември 2024** | **244** | **-** | **76** | **320** |

Друштвото не располага со сопствен недвижен имот и затоа користи деловен простор под оперативен наем (Белешка 12). Опремата се состои од набавена компјутерска и деловна опрема за вршење на активностите.

## 20. ОСТАНАТИ ПОБАРУВАЊА И АВР

| | 2024 (000) МКД | 2023 (000) МКД |
|---|---|---|
| Побарувања од инвестициските фондови по основ на провизии и надомести | 10,638 | 6,859 |
| Побарувања за камати | 1,799 | 1,790 |
| Побарувања за повеќе платен данок од добивка | - | 499 |
| Однапред платени трошоци | 644 | 545 |
| Останати побарувања | 3 | 2 |
| Дадени аванси | 321 | 219 |
| **Вкупно** | **13,405** | **9,914** |

## 21. ОБВРСКИ СПРЕМА ДОБАВУВАЧИ И ОСТАНАТИ ОБВРСКИ

| | 2024 (000) МКД | 2023 (000) МКД |
|---|---|---|
| Обврски спрема поврзани лица (белешка 27) | 2,296 | 620 |
| Обврски спрема добавувачи | 504 | 463 |
| Обврски за данок од добивка | 2,525 | 448 |
| Обврски за нето плата и даноци и придонеси од плата | 65 | 14 |
| Обврски за дивиденда | 14,170 | 14,548 |
| Останати | 946 | 482 |
| **Вкупно** | **20,506** | **16,575** |

## 22. АКЦИОНЕРСКИ КАПИТАЛ

Со состојба на 31 декември 2024 година, акционерскиот капитал на Друштвото изнесува 42,895 илјади МКД (31 декември 2023: 42,895 илјади МКД), односно 700,000 евра кои се целосно уплатени.

Имателите на обични акции имаат право на дивиденда кога ќе биде објавена и имаат право на еден глас на Собрание на Друштвото за еквивалент од 1 обична акција. Сите акции носат право на сразмерно учество во поделбата на остатокот на стечајната, односно ликвидационата маса.

| Сопственици на Друштвото се следните акционери: | **2024** | **2023** | **2024** | **2023** |
|---|---|---|---|---|
| | **Број на акции** | **Број на акции** | **% на учество** | **% на учество** |
| Комерцијална Банка АД Скопје | 549 | 549 | 78.43% | 78.43% |
| Публикум Холдинг доо Љубљана | 99 | 99 | 14.14% | 14.14% |
| Форлекс СРЛ, Триесте | 52 | 52 | 7.43% | 7.43% |
| | **700** | **700** | **100.00%** | **100.00%** |

Во текот на 2022 година, со Решение од Комисија за хартии од вредност, одземено е правото на глас и правото на дивиденда на 30 акции сопственост на Публикум Холдинг доо Љубљана, преку одземање на согласноста за поседување на квалификувано учество во Друштвото.

## 23. ЗАРАБОТУВАЧКА (ЗАГУБА) ПО АКЦИЈА

| | **2024**<br>**(000) МКД** | **2023**<br>**(000) МКД** |
|---|---|---|
| Нето добивка (загуба) која им припаѓа на имателите на обични акции | 61,296 | 42,198 |
| | **број на акции** | |
| | **2024** | **2023** |
| **Издадени обични акции на 1 јануари** | **700** | **700** |
| Издадени нови обични акции | - | - |
| Акции без право на глас и без право на дивиденда | (30) | (30) |
| **Пондериран просечен број на обичните акции на 31 декември** | **670** | **670** |
| **Заработувачка (загуба) по акција (во МКД)** | **91,486.57** | **62,982.09** |

## 24. ПОТЕНЦИЈАЛНИ ОБВРСКИ

Друштвото не се јавува како тужена странка во судски постапки, ниту пак има дадени било какви гаранции на други друштва.

## 25. НАСТАНИ ПО ДАТУМОТ НА ИЗВЕСТУВАЊЕ

По датумот на известување не се случиле настани кои имаат материјално значење на деловните активности на Друштвото.

## 26. ОПЕРАТИВНИ НАЕМИ

Износот на идни плаќања по основ на склучени договори за оперативни наеми е како што следува:

| | **2024**<br>**(000) МКД** | **2023**<br>**(000) МКД** |
|---|---|---|
| До 1 година од датум на известување | 1,759 | 1,759 |
| Од 1 до 3 години | 3,518 | 3,518 |
| **Вкупно** | **5,277** | **5,277** |

## 27. ТРАНСАКЦИИ СО ПОВРЗАНИ СУБЈЕКТИ

Друштвото е поврзано со своите акционери, како и со членови на клучниот раководен кадар.

Заклучно со 31 декември година, трансакциите со акционерите и клучниот раководен кадар се следниве:

| Акционери | 2024 (000) МКД | 2023 (000) МКД |
|---|---|---|
| **Комерцијална Банка АД Скопје** | | |
| ***Побарувања и обврски*** | | |
| Обврски кон Банката | (2,296) | (621) |
| Орочени депозити | 16,000 | 31,100 |
| Парични средства и парични еквиваленти | 19,046 | 1,902 |
| Побарувања за камати и дадени аванси | 30 | 124 |
| **Вкупно за Комерцијална Банка** | **32,780** | **32,505** |

| **Приходи и расходи** | 2024 (000) МКД | 2023 (000) МКД |
|---|---|---|
| Приходи од камата | 370 | 825 |
| Трошоци за кирија | (1,759) | (1,759) |
| Расходи за провизии и надомести | (261) | (242) |
| Брокерски провизии и посредување | (8) | (21) |
| Останати трошоци | (6,011) | (2,039) |
| Курсни разлики, нето | (3) | (6) |
| **Вкупно за Комерцијална Банка** | **(7,671)** | **(3,242)** |

| **Останати акционери** | 2024 (000) МКД | 2023 (000) МКД |
|---|---|---|
| ***Побарувања и обврски*** | (14,170) | (11,710) |
| ***Вкупно за останати акционери*** | **(14,170)** | **(11,710)** |

| | 2024 (000) МКД | 2023 (000) МКД |
|---|---|---|
| ***Клучен раководен кадар*** | | |
| ***Побарувања и обврски*** | | |
| Обврски за надоместоци за членови на ОД | - | - |
| **Вкупно** | **-** | **-** |

| | 2024 (000) МКД | 2023 (000) МКД |
|---|---|---|
| ***Расходи*** | | |
| Плати за вработени | (8,726) | (7,982) |
| Останати надоместоци и дневници за службени патувања | (1,026) | (450) |
| Надоместоци за членови на ОД | (442) | (400) |
| **Вкупно** | **(10,195)** | **(8,832)** |

## Извештај за сопствени средства за 2024

**ИЗВЕШТАЈ**
**за сопствените средства**
состојба на ден 31.12.2024
за друштвото КБ ИНВЕСТ АД Скопје

во 000 денари

| Ред. бр. | Опис | Износ |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| | **Сопствени средства** | |
| | **Основен капитал** | |
| | **Редовен основен капитал (РОК)** | |
| 1 | Капитални инструменти од РОК и премиите кои се однесуват на овие инструменти | **42,895** |
| 2 | Нераспределена добивка за тековната година | |
| 3 | Нераспределена добивка од претходните години и резерви од добивките | ***70,349*** |
| 4 | Независно ревидирана добивка од тековната година без предвидените трошоци или дивиденди | |
| 5 | Редовен основен капитал (РОК) пред усогласување на вредноста и примена на одбитните ставки (збир од 1 до 4) | **113,244** |
| 6 | Нематеријални средства (негативен износ) | **-689** |
| 7 | Одложени даночни средства кои зависат од идната профитабилност (негативен износ) | |
| 8 | Ревалоризациски резерви | |
| 9 | Добивки или загуби по обврски вреднувани по фер вредност настанати како последица на промена на сопствената кредитна способност | |
| 10 | Директни или индиректни вложувања на ДУИФ во сопствени инструменти од редовниот основен капитал (негативен износ) | |
| 11 | Директни, индиректни или синтетички вложувања во инструменти од редовниот основен капитал на субјекти од финансискиот сектор, ако тие субјекти имаат реципрочни меѓусебни вложувања со друштвото за управување коишто вештачки ги зголемуваат неговите сопствени средства (негативен износ) | |
| 12 | Директни, индиректни или синтетички вложувања во инструменти од редовниот основен капитал на субјекти од финансискиот сектор, ако друштвотово нема значајно вложување во тие субјекти (износот над прагот од 10%, без признатите кратки позиции) (негативен износ) | |
| 13 | Директни, индиректни или синтетички вложувања во инструменти од редовниот основен капитал на субјекти од финансискиот сектор, ако друштвотово има значајно вложување во тие субјекти (износот над прагот од 10%, без признатите кратки позиции) (негативен износ) | |
| 14 | Одложени даночни средства кои произлегуваат од привремени разлики (износот над прагот од 10%, без поврзаните даночни обврски) (негативен износ) | |

| | | |
|---|---|---|
| 15 | Загуба на крајот на годината или тековна загуба (негативен износ) | |
| 16 | Трошоци за данок коишто можат да се утврдат во моментот на пресметката (негативен износ) | |
| 17 | Квалификувани одбитоци на додатниот основен капитал кои го преминуваат додатниот основен капитал на друштвото за управување (негативен износ) | |
| 18 | Вкупни усогласувања на вредноста на редовниот основен капитал (збир на позициите од 6. до 15. и од 18. до 20.) | **-689** |
| 19 | **Редовен основен капитал (збир на позициите од бр.5. и бр.21.)** | **112,555** |
| | **Додатен основен капитал (ДОК)** | |
| 20 | Капитални инструменти кои го сочинуваат делот од додатниот основен капитал и премиите кои се однесуваат на овие инструменти | |
| 21 | од што: распоредено како капитал врз основа на применливите сметководствени стандарди | |
| 22 | од што: распоредено како обврски врз основа на применливите сметководствени стандарди | |
| 23 | Додатен основен капитал пред усогласување на вредноста и примена на одбитните ставки | |
| 24 | Директни и индиректни вложувања на друштвото за управување во сопствени инструменти на додатнитот основен капитал (негативен износ) | |
| 25 | Директни, индиректни и синтетички вложувања во инструменти на додатниот основен капитал на субјекти од финансискиот сектор, ако тие субјекти имаат со друштвото за управување реципрочни меѓусебни вложувања чијашто цел е вештачки да го зголемат капиталот на друштвото за управување (негативен износ) | |
| 26 | Директни, индиректни и синтетички вложувања во инструменти на додатниот основен капитал на субјекти од финансискиот сектор, ако друштвото за управување во тие субјекти нема значајно вложување (износот над прагот од 10% без признати кратки позиции) (негативен износ) | |
| 27 | Директни, индиректни и синтетички вложувања на друштвото за управување во инструменти на додатниот основен капитал на субјекти од финансискиот сектор, ако друштвото за управување во тие субјекти има значајно вложување (без признати кратки позиции) (негативен износ) | |
| 28 | Квалификувани одбитоци на дополнителниот капитал кои го преминуваат дополнителниот капитал на друштвото за управување (негативен износ) | |
| 29 | Вкупни усогласувања на вредноста на додатниот основен капитал - се внесува збир на позициите од 27. до 31. | |
| 30 | **Додатен основен капитал - се внесува збирот на позициите од бр.26 и бр.32** | |
| 31 | **Основен капитал - се внесува збирот на позициите од бр. 22. и бр.33.** | **112,555** |
| | **Дополнителен капитал (ДК)** | |

| | | |
|---|---|---|
| 32 | Инструменти на дополнителниот капитал и премиите кои се однесуваат на овие инструменти | |
| 33 | Дополнителен капитал пред усогласување на вредноста на дополнителниот капитал и примена на одбитните ставки (позиција 35.) | |
| 34 | Директни или индиректни вложувања на друштвото за управување во сопствени инструменти на дополнителниот капитал и субординираните кредити (негативен износ) | |
| 35 | Вложувања во инструменти на дополнителен капитал и субординирани кредити на лица од финансискиот сектор кои имаат реципрочни меѓусебни вложувања во друштвото за управување кои се извршени со цел прикажување на поголем износ на капитал (негативен износ) | |
| 36 | Директни или индиректни вложувања во инструменти на дополнителниот капитал и субординирани кредити на лица од финансискиот сектор во кои друштвото за управување нема квалификувано учество кое претставува најмалку 10% од капиталот (негативен износ) | |
| 37 | Директни или индиректни вложувања во инструменти на дополнителен капитал и субординирани кредити на лица од финансискиот сектор во кои друштвото за управување има квалификувано учество кое претставува најмалку 10% од капиталот (негативен износ) | |
| 38 | Вкупни усогласувања на вредноста на дополнителниот капитал (збир на позициите од 37. до 40) | |
| 39 | **Вкупен дополнителен капитал (збир на позициите од 36. и 41.)** | |
| | **Општи трошоци на друштвото за управување од претходната деловна година** | |
| 40 | Вкупни расходи | **32,518** |
| 41 | Удели во добивката и останати варијабилни награди на вработените (негативен износ) | **-4,400** |
| 42 | Провизии и надоместоци (негативен износ) | **-7,209** |
| 43 | Трансакциски трошоци (негативен износ) | **-21** |
| 44 | Расходи од невообичаени активности (негативен износ) | **-93** |
| **45** | **Вкупни општи трошоци на друштвото за управување од претходната година (збир на позициите од 43. до 47.)** | **20,795** |
| | КАПИТАЛНИ БАРАЊА | |
| I | ВКУПЕН КАПИТАЛ (збир на позициите 34. и 42.) | **112,555** |
| II | КАПИТАЛНИ БАРАЊА согласно член 5 став (4) алинеја 2 од Законот за инвестициски фондови - една четвртина од општите фиксни трошоци наведени во билансот на успех за претходната година | **5,199** |
| III | КАПИТАЛНИ БАРАЊА согласно член 5 став (4) алинеја 1 од Законот за инвестициски фондови - износот на почетниот капитал од член 5 став (1) од Законот, односно кога постои обврска за внесување дополнителен капитал, вкупниот износ на основниот и дополнителниот капитал од член 5 став (2) од Законот | **7,687** |
| IV | Вишок (+)/ Недостиг (-) на капитал | ***104,868*** |

| | | |
|---|---|---|
| | **Дополнителни информации** | |
| 46 | Одлуки од Собрание на акционери (изгласана дивиденда за тековната година) | |
| 47 | Одлуки од Собрание на акционери (исплатена дивиденда за тековната година) | |
| 48 | Капитални резерви (премии од издадени капитални инструменти) | |
| 49 | Резерви од добивката (акумулирана добивка и резерви) | |
| 50 | Невклучена добивка од тековната година | **61,296** |
| 51 | Ревалоризациски резерви | |
| 52 | 0,02% од вредноста на имотот на отворените инвестициски фондови со кои управува друштвото за управување чија вкупна вредност е поголема од 250 милиони евра во денарска противвредност | |